# ГОДИШНИК

## за криминалот од омраза

### ГОДИШЕН ИНФОРМАТОР ЗА 2022 ГОДИНА

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно, предрасуди кон одредена група во општеството се опишуваат како криминал од омраза. За постоењето на овој вид криминал потребно е да бидат исполнети два услови: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет за човекови права при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој годишник обезбедува прикажување на сите регистрирани инциденти во текот на 2022 година.

## ИНЦИДЕНТИ

**Вкупен број на инциденти во 2022** — **160**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

- 14 — Оштетување на имот
- 2 — Уништување на симболи
- 20 — Телесна и тешка телесна повреда
- 5 — Разбојништво
- 2 — Предизвикување општа опасност
- 116 — Насилство
- 2 — Сериозна закана
- 2 — Загрозување на сигурноста
- 6 — Предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост

*Вкупниот број инциденти не секогаш соодветствува со бројките кај видот на инциденти и процентите за карактеристики на жртвата затоа што одредени инциденти содржат повеќе видови повреди и/или се случени врз повеќе основи.

## РЕАКЦИИ

**Вкупен број на реакции во 2022** — **4**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

- 3 — Од функционер
- 0 — Религиски водач
- 1 — Граѓански здруженија
- 0 — Протест
- 0 — Отстранување последици
- 0 — Друго

### ОД ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА

**26 : 134**

Инциденти со јасни пристрасни индикатори : Потенцијални инциденти

*инциденти со одредени индикатори, но Хелсиншкиот комитет не беше во состојба да потврди дали навистина станува збор за дела од омраза

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| 83.75% | 1.25% | 3.75% | 1.25% | 10% |
|---|---|---|---|---|
| Етничка припадност | Верска припадност | Политичка припадност | Сексуална ориентација и родов идентитет | Друго |

**Вкупен број на инциденти во 2022 година: 160**




## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

- Откриени сторители .......... 7
- Кривични пријави .......... 11
- Прекршочни пријави .......... 0
- Тековни судења .......... 2

## ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

- Скопје и околните општини 118
- Тетово 10
- Битола 6
- Гостивар 5
- Охрид 5
- Куманово 4
- Гевгелија 3
- Прилеп 3
- Радовиш 2
- Кочани 1
- Струга 1
- Штип 1
- Струмица 1




## ИЗДВОЕНИ ИНЦИДЕНТИ

На 8 август 2022 година во центарот на Струмица, ЛГБТИ+ активист бил физички нападнат, каде тој бил со волонтер(к)и на јавен настан за промоција на нивната организација. Едно возрасно машко лице почнало директно да му се заканува и да му дофрлува навредливи зборови, по што се упатило и му нанело телесни повреди, а групата на волонтер(к)и од страв избегала од местото на нападот. По поднесено обвинение до Основниот суд во Струмица, судот донесе пресуда на 28 ноември 2022 година врз основа на вина со кое утврди дека со физичкиот напад врз ЛГБТИ+ активистот мотивиран од неговата сексуална ориентација, сторителот го сторил кривичното дело „Телесна повреда" од член 130 став 3 од Кривичниот законик в.в. став 2 и став 1 од истиот член.

На 28 септември 2022 година, 17-годишен малолетник од с. Арачиново пријавил дека бил физички нападнат од друг малолетник, во автобус на ЈСП во населба Сингелиќ, кој се обидел да го нападне и со остар предмет.

На 13 ноември 2022 година, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Л.Б.(18), Б.М.(19), В.Х.(19) и уште двајца малолетници, затоа што во автобус бр.57 физички нападнале четворица малолетници во Чаир, на автобуска постојка.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE
Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Бројот на регистрирани инциденти и потенцијални злосторства од омраза во 2022 година се зголеми за 34% споредено со 2020 година, и 49% споредено со 2021 година;
- Инциденти што се случуваат врз основа на етничка припадност сè уште се најзастепни со 83,75% од вкупниот број регистрирани инциденти;
- Младите лица се сè уште најчесто вклучени во пристрано мотивирани инциденти, и како сторители и како жртви, што претставува 46% од вкупниот број регистрирани инциденти;
- И покрај тоа што се преземаат одредени чекори за зајакнување на заштитата на правата на ЛГБТИ+ заедницата, тие сè уште се наоѓаат во поголем ризик од пристрасно мотивирани дела, особено за време и по одржувањето на Парадата на гордоста. Сепак, одредени промени во општеството се забележуваат, на што укажува и фактот дека ЛГБТИ+ заедницата сè повеќе се охрабрени да ги контактираат невладините организации што работат во оваа област и да ги користат нивните услуги, како што е бесплатната правна помош и поддршка. Значајно влијание во зголемувањето на довербата кај ЛГБТИ+ заедницата е и позитивната судска пресуда со која на сторител на дело од омраза врз основа на сексуална ориентација, му беше одредена казна затвор од шест месеци.
- За пристрасно мотивираните инциденти сè уште не се води соодветна статистика од страна на надлежните органи. Иако Министерството за внатрешни работи води и објавува некаква статистика во своите годишни извештаи, сепак, се чини дека при известувањето не е направена јасна разлика помеѓу говорот на омраза и делата од омраза. Дополнително, изостануваат и информации во однос на преземените дејствија по поднесување на кривичните пријави од МВР до јавното обвинителство.
- Направени се многу мали напори за воведување превентивни мерки, вклучително и едукација за човековите права и кревање на јавната свесност, особено меѓу средношколците и младите, со оглед дека мнозинството од жртвите се малолетни или млади;
- Пристрасниот мотив наместо да биде пренесен од полицијата кон обвинителството и подоцна кон судовите, како клучен елемент во случаите на злосторства од омраза, тој „се губи“ во текот на целиот процес;
- Со оглед на фактот дека феноменот злосторство од омраза не се третира како засебно прашање, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите. Сепак, значаен напредок е постигнат со усвојувањето на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство во ноември 2022 година.

## ПРЕПОРАКИ

- Навремена и ефективна истрага и покренување судски процеси за злосторствата од омраза со тоа што пристрасните мотиви ќе бидат земени предвид во текот на кривичната постапка;
- Преземање соодветни мерки со цел да се олесни пријавувањето на злосторствата од омраза од страна на жртвите, вклучително и мерки за зајакнување на довербата во полицијата и другите државни институции;
- Собирање и издавање сеопфатни и споредбени податоци за злосторствата од омраза, колку што е можно, како и бројот на овие инциденти пријавени од јавноста и регистрирани од полициските власти, бројот на пресуди, пристрасните мотиви зад овие кривични дела и изречените казни;
- Воспоставување и одржување на соработката меѓу државните власти и невладните организации за разни аспекти од работата за справување со злосторствата од омраза, како што се тренинзи, поддршка на жртвите и зголемување на пријавувањето;
- Оваа соработка да се заснова на споделување податоци и информации, заедничко дејствување во насока на откривање на пристрасните мотиви, соработување за развивање на насоки, правила и тренинзи за регистрирање инциденти од омраза, вклучително и споделување на експертизата за развивање, унапредување и ревидирање на пристрасните индикатори;
- Обезбедување поддршка и заштита на жртвите на злосторства од омраза;
- Подобрување на комуникацијата и координацијата меѓу сите надлежни органи и институции во областа на злосторствата од омраза;
- Спроведување на истражувања на национално ниво за мерките за справување со злосторствата од омраза, како клучен извор на информации за застапеноста на злосторствата од омраза во земјата;
- Промовирање обуки за релевантните институции што доаѓаат во контакт со жртвите на злосторство од омраза, со што ќе можат ефикасно да им помогнат; и
- Повеќе превентивни мерки, меѓу другото со навраќање на концептот за паметење во едукациите за човекови права, наставните програми по историја и релевантните обуки, преземање чекори за едуцирање на јавноста, особено малолетниците и младите за вредностите на културниот диверзитет и инклузијата, и настојување сите сектори од општеството да имаат улога во борбата со таквата нетолеранција.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073